**ЗАПИСНИК**
**од 32-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 09.11.2021 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Петреска Камењарова, Цветанка Митревска, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 32-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 31-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 03.11.2021 година.
2. Предлог за усвојување „Водич на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за мониторинг на примената на стандардите за известување за случаи на родово засновано насилство во медиумите“.
3. Предлог – упатство за примена на безбедносното правило за „чист екран“ и “чисто биро“ при обработка на лични податоци.
4. Разно.

Г-дин Ајдини, процедурално, посочи дека во Дневниот ред кој е преведен на албански јазик, иако содржи само 4 наслови на точки, има неколку грешки. Бидејќи се повторува неколку пати рече дека би требало да се види со преведувачот и да поразговараат во оваа насока, бидејќи не би требало да се прават вакви пропусти.

Г-дин Петрушевски рече дека се согласува затоа што овие грешки во преводот се случуваат трет пат едно по друго.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 31-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 03.11.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Помошник раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Петреска Камењарова го образложи предложениот „Водич на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за мониторинг на примената на стандардите за известување за случаи на родово засновано насилство во медиумите". Објасни дека станува збор за уште еден продукт од соработката на АВМУ со Советот на Европа и ЕУ во рамки на проектот ЈУФРЕКС 2. Овој документ беше побаран минатата година кога некаде во почетокот на декември се одржа и обука за вработените од Агенцијата во врска со начините на мониторинг за известувањето на родово заснованото насилство. Во меѓувреме во нашата држава беше донесен и Закон кој што произлегува од Истанбулската конвенција, односно од документот на кој што се заснова целиот овој пристап кон обрнување се поголемо внимание кон тоа како се известува за родово заснованото насилство. Документот е изработен од експертката г-а Катарине Сарикакис што ја држеше обуката и е посеопфатен. Идејата е да се даде краток статистички преглед на ситуацијата на родово заснованото насилство во Македонија и надвор од неа и потоа еден пресек на меѓународната легислатива и регулатива, на Законите во нашата земја кои што го тангираат ова прашање вклучувајќи и кои членови од актуелниот ЗААВМУ се однесуваат на ова прашање. Понатаму документот содржи една серија од прашања кои што во иднина вработените од Секторот за програмски работи ќе го користат во мониторингот кога ќе прават анализа на прилози на програмите емитувани на радиодифузерите во кои што постои сомневање дека е на несоодветен, непрофесионален начин известено за случај за родово засновано насилство и има примери на добри практики. Планираат да го користат во корелација со Водичот на мониторинг на говорот за омраза.

Г-дин Петрушевски информира дека сите членови на Советот имаат добиено покана за овој документ кој ќе биде промовиран на онлајн настанот „Родово заснованото насилство во медиумите: состојба, насоки, мониторинг", кој ќе се одржи на 11 ноември 2021 година, со почеток во 11.00 часот.

Раководителката Петреска Камењарова објасни дека тоа е еден заеднички настан кој е продолжение на соработка која традиционално ја имаат со Коалицијата Маргини и продолжение на претходна соработка со ХОПС/UN Women кои имаа проект

Прирачник со насоки за известување за родово засновано насилство а самиот проект имаше и обуки на кои што присуствуваа вработени од Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Водичот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за мониторинг на примената на стандардите за известување за случаи на родово засновано насилство во медиумите, со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата горенаведениот „Водич на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за мониторинг на примената на стандардите за известување за случаи на родово засновано насилство во медиумите“ да го објави на веб страницата на Агенцијата (www.avmu.mk).

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлог-упатството за примена на безбедносното правило за „чист екран“ и „чисто биро“ при обработка на лични податоци. Објасни дека со донесувањето на ова Упатство се врши усогласување на работењето на АВМУ со одредбите од постојниот Закон за заштита на лични податоци, со Правилникот за безбедност на обработка на лични податоци кој што е донесен врз основа на овој Закон и се врши имплементирање на политиката за воспоставување на систем за заштита на лични податоци на Агенцијата. Целта на носењето на ова Упатство е да се намалат ризиците од неовластен пристап, губење или оштетување на информации кои што содржат лични податоци за време на работното време и надвор од работното време, односно кога вработените би заминале на пауза или кога на крајот на работниот ден би го напуштиле работното место би морале да внимаваат на работното биро да не бидат оставени документи кои содржат лични податоци. Ова Упатство треба да биде применето од страна на сите вработени во Агенцијата, а се однесува на сите документи во електронска и хартиена форма, преносливи медиуми и сите електронски уреди кои што содржат и прикажуваат информации поврзани со работата на Агенцијата независно каде е нивната локација.

Советот на Агенцијата едногласно го донесе Упатството за примена на безбедносното правило за „чист екран“ и „чисто биро“ при обработка на лични податоци, со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата горенаведеното Упатство да го објави на веб страницата на Агенцијата (www.avmu.mk).

Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата, Упатството за примена на безбедносното правило за „чист екран“ и „чисто биро“ при обработка на лични податоци да го објави на огласната табла на АВМУ.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше точки под разно.

**Бр. 02-4090/4**
**17-11-2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**